РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-444/48
02.12. 2022 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 18 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен гласник на РСМ" бр. 10/2020), член 44-ѓ од Статутот на Општина Велес, а согласно член 6 од Деловникот за работа на Локалното собрание на млади, на седницата одржана на 02.12.2022 година,

членовите на Локалното собрание на млади на Општина Велес ја донесоа следната

**ОДЛУКА**
**за објавување на Јавен повик**
**за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од објавување на Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес.

**Член 2**

Локален Младински совет е советодавно и претставничко тело на Општина Велес и се основа со цел активно вклучување на младите од Општина Велес во процесите на донесување на одлуките на локална власт преку предлагање на иницијативи за прашања кои ги засегаат младите на подрачјето на Општина Велес.

Млади, во смисла на оваа Одлука се државјани на Република Северна Македонија, со место на живеење во Општина Велес, на возраст од 15 до 29 години. Младите од став 1 на овој член можат да бидат избирани за членови, претседател и заменик претседател на Локалниот младински совет на Општина Велес, само ако се со постојано место на живеење во Општина Велес.

**Член 3**

Се задолжува Локалното собрание на млади на Општина Велес да спроведе објава на Јавниот повик и истиот на транспарентен начин биде јавно објавен на официјалната интернет страница на општината.

**Член 4**

Правото на учество и критериумите кои треба да ги исполнуваат формите на организирање и здружување на млади, односно подносителите на Пријавите за номинација на членови на Локалниот младински совет се дефинирани во Јавниот повик.

**Член 5**

Во Локалниот младински совет може да членуваат претставници на младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички организации, студентски организации и/или други форми на младинско здружување и организирање кои работат и функционираат на територијата на Општина Велес.

**Член 6**

Пристигнатите Пријави ќе бидат разгледувани од страна на трочлена Комисија за верификација и следење на процесот на формирање на Локален младински совет на Општина Велес.

Комисијата е составена од тројца членови на Локалното Собрнаие на млади на Општина Велес, од кои еден е Претседател на Комисијата.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседавач
на Локално собрание на млади
на Општина Велес
Александар Чадиев